РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-401/4
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на шестата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-9081/1 од 31.10.2022 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-9081/1 од 31.10.2022 година.
Предметот со број 08-9081/1 од 31.10.2022 година да се архивира.
Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-9081/1 од 31.10.2022 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од извршена проверка во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија, ДКСК утврди дека на ____________________ на ден 21.04.2022 година и престанала функцијата ВД директор на ____________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваната, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата ВД директор на ____________________, не поднела анкетен лист до ДКСК.
ДКСК на ____________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-401/2 од 25.01.2024 година, за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на именуваната, во законски утврдениот рок, е постапено по издадениот прекршочен платен налог, односно платена е половина од изречената глоба во истиот.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил:А.Ч. раководител на одделение
Одобрил: Ц.Р., член на ДКСК